Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 48 од Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 141/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) и член 54 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности (Службен весник на Република Македонија бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16) на седницата одржана на 26.02.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНСКА И ЕЛЕКТРИЧНА ВО ПОСТРОЈКИ ЗА КОМБИНИРАНО ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНСКА И ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Се започнува постапка за одземање на лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на топлинска и електрична енергија во постројка за комбинирано производство на топлинска и електрична енергија со бр. ЕЕ-220.01.1/11 и ТЕ -14.01.01.14 издадена од Регулаторната комисија за енергетика со Одлука УП1 бр. 07-168/14 од 15.12.2014 година (Службен весник на Република Македонија бр.187/14), на Друштвото за производство и трговија на топлинска и електрична енергија КОГЕЛ СТИЛ ДОО Скопје, поради одземени основни средства за вршење на дејноста.

2. Се задолжува Друштвото за производство и трговија на топлинска и електрична енергија КОГЕЛ СТИЛ ДОО Скопје да се произнесе во врска со ново настаната состојба во рок од 5 дена од приемот на оваа Одлука.

3. Доколку Друштвото за производство и трговија на топлинска и електрична енергија КОГЕЛ СТИЛ ДОО Скопје не постапи по точка 2 од оваа Одлука во предвидениот рок, Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија ќе донесе одлука за одземање на лиценцата.

4. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

5. Оваа Одлука ќе се достави до Друштвото за производство и трговија на топлинска и електрична енергија КОГЕЛ СТИЛ ДОО Скопје и ќе се објави во јавните гласила и на веб страната на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

О б р а з л о ж е н и е

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија постапувајќи согласно одредбите од член 48 став 1 алинеја 5 од Законот за енергетика, утврди дека Друштвото за производство и трговија на топлинска и електрична енергија КОГЕЛ СТИЛ ДОО Скопје не ги исполнува условите за вршење на дејноста производство на топлинска и електрична енергија во постројка за комбинирано производство на топлинска и електрична енергија.

Основните средства за вршење на дејноста, вклучувајќи ја зградата и опремата од постројката, како резултат на активирање на хипотека, со усно јавно наддавање, за продажба на движен и недвижен имот на Друштвото за производство и трговија на топлинска и електрична енергија КОГЕЛ СТИЛ ДОО Скопје, со седиште на ул. „16-та Македонска Бригада“ бр.18 Скопје - Гази Баба, се одземени преку извршител Христо Јованов. Сопственик на недвижниот имот, согласно имотниот лист 9363 за КО Гази Баба е АД ЕЛЕМ Електрани на Македонија.

Согласно член 48 став 3 од Законот за енергетика и член 54 став 2 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија со допис бр. УП1-168/14 од 12.01.2018 година го извести Друштвото за производство и трговија на топлинска и електрична енергија КОГЕЛ СТИЛ ДОО Скопје за намерата за отпочнување на постапка за одземање на лиценца и побара истото да се изјасни за причините во рок од 15 дена од приемот на известувањето.

Друштвото за производство и трговија на топлинска и електрична енергија КОГЕЛ СТИЛ ДОО Скопје на 02.02.2018 година достави до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија произнесување, во кое покрај другото, наведе дека договорите за закуп на основните средства се преземени на страната на закуподавецот од новиот сопственик АД ЕЛЕМ Електрани на Македонија и истите се сеуште во сила.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, за да не се доведе во состојба на толкување на одредби на договор помеѓу две правни лица, го прати произнесувањето од КОГЕЛ СТИЛ ДОО Скопје до АД ЕЛЕМ Електрани на Македонија, со барање за произнесување по истото, особено дали договорите за закуп на средствата сеуште во сила или се раскинати или се престанати по сила на закон.

АД ЕЛЕМ Електрани на Македонија на 23.02.2018 година достави до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија произнесување, со кое ја извести Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија дека средствата се во сопственост и непосредно владение на АД ЕЛЕМ Електрани на Македонија и договорите за закуп на КОГЕЛ СТИЛ ДОО Скопје не произведуваат правно дејство.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Комисијата за решавање на жалби од областа на енергетиката, во рок од 15 дена од денот на приемот.

**УП1 бр.07-168/14**
**26.02.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Димитар Петров**